КОМФИ - АНГЕЛ ДОО
Бр. 03-5661/2
31. 12. 2021 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 231 од Законот за трговски друштва, член 22 од Договорот за основање на друштвото „Комфи-Ангел", Прилеп ДОО (во понатамошниот текст Друштвото), член 19 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Сл. Весник бр. 122/20) донесен од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци, одредбите од Законот за електронските комуникции, член 111 од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци на „Комфи-Ангел", Прилеп ДОО (во понатамошен текст: Друштвото), Управителите на Друштвото на ден 31.12.2021 година ја донесоа следната:

# ПОЛИТИКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КОЛАЧИЊА

**Со овој документ се објаснува политиката за користење на колачиња и слични технологии во www.somniashop.mk и www.comfy-angel.com („Комфи-Ангел", Прилеп ДОО).**

## 1. Што се колачињата (cookies)?

Колачињата (cookies) се мали текстуални датотеки со букви и броеви, кои се сместуваат во тврд диск на персонален компјутер или мобилен телефон од страна на интернет страниците кои се посетуваат. Овие текстуални датотеки можат да бидат прочитани од страна на интернет страниците кои се посетувате и да помогнат во идентификација на физичките лица кога повторно ќе ја отворите истата интернет страница.

Овие текстуални датотеки можат да бидат „постојани" или „привремени". Постојаните колачиња (cookies) остануваат на персоналниот компјутер и кога ќе се исклучи пребарувачот (ќе се премине во offline mode), додека привремените се бришат штом се затвори интернет пребарувачот. Колачињата (cookies) се користат за повеќе цели, како на пример за да се запомнат активности и преференциите на потрошувачите (вклучувања, јазични преференции, големина на фонт или како да ви се прикажува страницата), за да се обезбеди персонализирана/приспособена содржина на интернет страницата и да се прикаже навигациската историја на истата.

## 2. Зошто се користат колачиња (cookies)?

На интернет страницата на Друштвото се користиат колачиња (cookies) од повеќе причини и тоа: за техничко функционирање на интернет страницата; за собирање на збирни и анонимни статистички податоци; за да ги запомниме преференциите на посетителите како да се прикажува страницата (преференции за параметрите на екранот), како на пример контрастот на бојата или големината на фонтот; за да запомниме/да се потсетиме, дали се согласувате (или не) со нашето користење на колачиња (cookies) на оваа веб страница.

Колачињата дозволуваат, на страната која што ги поставува, да препознаваат корисничките уреди на користење во споредба со претходни најави и посети со цел да се персонализираат рекламите за поголема релевантност спрема корисниците. Овие информации може да се соберат на сите веб-пребарувачи и на сите уреди (компјутер, лаптопи, паметни телефони, таблети итн.) но маркетинг колачињата не содржат лични податоци за корисниците.

Кога ја посетувате интернет страната на Друштвото, може да соберат некои податоци од пребарувањето на посетителот, како на пример IP адреса, која содржина од интернет страницата (подстраница) е посетена, кога е посетена и од која интернет страница е посетителот пренасочен.

Кога се посетува интернет страната на Друштвото се користат услуги на трета страна Google Analytics за да се соберат стандардни информации за пристапот и детали за однесувањето на посетителите, но на начин без да може некој да биде идентификуван, ниту е овозможено Google да ги открие идентитетот на оние кои ја посетиле нашата веб страна.

**3. Каков вид на колачиња (cookies) се користат?**

Друштвото користи постојани колачиња (cookies), кои го памтат пребарувањето/сесијата кога корисникот ќе го исклучи пребарувачот, со цел да се задржи состојбата на корисникот.
Се користат и неопходни колачиња (necessary cookies). Неопходните колачиња помагаат една веб-страница да биде употреблива со овозможување на основните функции, како навигацијата низ страницата, употребата на кошничка за купување (shopping cart), наплата и сл. Без овие колачиња, веб-страницата не може да функционира исправно.
Претпочитани колачиња (Preference cookies). Претпочитаните колачиња ѝ овозможуваат на веб-страницата да ги запомни информациите кои го менуваат начинот на кој таа се однесува или изгледа, како на пример Вашиот претпочитан јазик или регионот во кој се наоѓате.
Статистички колачиња (Statistical cookies). Статистичките колачиња ни помагаат да разбереме на кој начин посетителите комуницираат со веб страната преку анонимно собирање на информации.
Друштвото користи и Маркетиншки колачиња (Marketing cookies). Маркетиншките колачиња се употребуваат за следење на посетителите низ веб-страниците. Целта е да се прикажат реклами кои се релевантни и привлечни за поединечниот корисник. Врз колачињата поставени од трети лица, "Комфи-Ангел", Прилеп ДОО нема никаква одговорност ниту надлежност и ве советуваме да ги прочитате политиката за приватност и политиката за колачиња на нашите соработници и партнери за зголемување на вашата сигурност. Колачиња за перформанси и функционалност. Овој тип на колачиња се однесува на следењето за тоа доколку повторно се вратите на нашиот сајт. Овие колачиња содржат неопходни информации, на пример од кој град пристапувате кон "Комфи-Ангел", Прилеп ДОО. Важно е да се напомене дека овие колачиња не се неопходни и не влијаат врз вашето искуство при посетата на нашиот сајт.
ocial Media колачиња. Овие колачиња дозволуваат да ги интегрираме функциите од социјалните медиуми на нашиот сајт, а исто така може да се користат во маркетиншки цели. Колачињата кои што се поставени од "Комфи-Ангел", Прилеп ДОО се во наша надлежност, но колачиња поставени од трети лица, во овој случај социјалните мрежи, не се во наша надлежност и "Комфи-Ангел", Прилеп ДОО нема никаква одговорност спрема користењето на податоците приберени од третите лица. Ве советуваме за подобра информираност да ги пребарате и прочитате политиките за колачиња и приватност на овие трети лица за подобра ваша сигурност.

**4. Можете ли да се избришат или контролираат колачињата (cookies)?**

Информациите поврзани со колачињата (cookies), не се користат за лично идентификување. Прифаќањето на овие колачиња (cookies) не е неопходно за работа на интернет страницата, но истите би овозможиле подобро искуство во пребарувањето.

Овие колачиња (cookies) можете да се избришат или блокираат, доколку се направи истото некои карактеристики на интернет страницата на Друштвото.

Можат да се избришат сите колачиња (cookies) кои веќе се наоѓаат на персоналниот компјутер и можат да се подесат поголемиот дел од пребарувачите за нивно спречување. Доколку се направи претходното, можеби ќе има потреба рачно да се прилагодуваат преференциите секој пат кога посетувате интернет страната, а исто така можно е да не работат и некои услуги и функционалноста.

**5. Како да ги избришете и блокирате колачињата?**

Освен преку банерот за согласност за колачиња, повеќето веб пребарувачи овозможуваат контрола наколачињата преку поставките на пребарувачот. Меѓутоа, ако ги користите поставките на пребарувачот за блокирање на сите колачиња (вклучително и неопходните колачиња), можеби нема да можете да пристапите до сите или до делови од веб-страната.
Промена на вашите поставки за колачиња. Поставките на прелистувачот за промена на поставките за колачињата обично се наоѓаат во менито „опции" или „преференции" на вашиот интернет прелистувач. Со цел да ги разбереме овие поставки, следниве врски може да бидат корисни. Во спротивно, треба да ја користите опцијата „Помош" во вашиот интернет прелистувач за повеќе детали.

- Cookie settings in Internet Explorer
- Cookie settings in Firefox
- Cookie settings in Chrome
- Cookie settings in Safari

**6. Промена на политиката за колачиња**

Политиката за користење на колачиња редовно ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и активности на Друштвото.

**7. Поставување на политиката за колачиња**

Оваа Политиката за користење на колачиња ќе се постави на официјалната интернет страна на Друштвото.

**„Комфи-Ангел", Прилеп ДОО**

Управители:
**Јакимовска Ирена**

______________________

**Роберт Андру Брус**

______________________